РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-210/1
14.01.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
# од 26. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 26.12.2025 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** д-р Ивана Стојановска, Цветанка Митревска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 26. седница на Советот. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Во врска со предложениот дневен ред, беше најавено дека Точка бр. 1 – „Усвојување на Предлог-записникот од 25. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2025 година" – ќе се одложи поради технички причини, односно поради немање време за изработка на записникот, бидејќи седницата се одржа претходниот ден.

Советот на Агенцијата, со предлогот за одложување, едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записникот од 25. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2025 година.
2. Предлог-одлука за избор на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Предлог-одлука за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот го одложи усвојувањето на предложениот записник од 25. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2025 година, поради технички причини.

Точка 2

Претседателката на Комисијата за евалуација на доставени пријави на кандидатите по објавениот јавен конкурс за избор на директор на Агенцијата, м-р Зирјета Јајага, ја образложи предложената одлука за избор на директор на Агенцијата. Објасни дека Комисијата му предлага на Советот на Агенцијата да донесе одлука со која д-р Зоран Трајчевски се избира за директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Наведе дека именуваниот ги исполнува општите услови предвидени во Законот за работни односи, посебните услови утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно условите утврдени во Јавниот конкурс за избор на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. При изборот беа земени предвид стручните квалификации, долгогодишното работно искуство во областа на медиумите, аудиовизуелната област, како и во сродните области, искуството во примената на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, Изборниот законик, подзаконските акти, Европската медиумска регулатива и презентираниот фокус на работата и развојот на Агенцијата во следните пет години. Преку јасно дефинирани цели, мерки и приоритети насочени кон унапредување на регулаторните процеси, на институционалните и кадровските капацитети, на внатрешната организација и работните процеси на Агенцијата, на транспарентноста и отчетноста на работењето на регулаторното тело, јакнењето на слободата на изразување и слободата на медиумите и медиумскиот плурализам, како и кон заштитата на јавниот интерес, подигнувањето на свеста кај јавноста за значењето на медиумската писменост и поголемата заштита на граѓаните во онлајн просторот. Неговото познавање на внатрешното функционирање на Агенцијата, административните процедури, како и воспоставените механизми за надзор и регулација овозможуваат веднаш и без дополнителен период на прилагодување да продолжи со ефикасно и одговорно извршување на функцијата директор на Агенцијата. На крајот истакна дека ова е заедничкиот став на трочлената Комисија за избор на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски се заблагодари на претседателката на Комисијата, м-р Зирјета Јајага, за образложението, нагласувајќи дека истото било исцрпно и детално, со навлегување во суштината.

Советот на Агенцијата, согласно Извештајот од Комисијата за евалуација на доставени пријави на кандидатите по објавениот јавен конкурс за избор на директор и на заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.04-4901/3 од 25.12.2025 година, едногласно донесе одлука со која д-р Зоран Трајчевски се избира за директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Мандатот на директорот на Агенцијата е 5 (пет) години.

Директорот на Агенцијата е професионално ангажиран во Агенцијата со полно работно време, почнувајќи од 1.1.2026 година.

Секторот за правни работи и јавни набавки за горенаведената одлука за избор на директор на Агенцијата да ги извести сите кандидати кои се пријавиле на Јавниот конкурс за избор на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објавен во дневните весници „Слободен печат“ на 21.11.2025 г. и во „Коха“ на 21.11.2025 г., согласно член 27 од Законот за работните односи.

По гласањето, претседателот Стефановски му честиташе на д-р Зоран Трајчевски за изборот за директор на Агенцијата и му посака успешна и плодна заедничка соработка во следните пет години.

**Точка 3**

Претседателката на Комисијата за евалуација на доставените пријави на кандидатите по објавениот јавен конкурс за избор на заменик на директор на Агенцијата, м-р Зирјета Јајага, ја образложи предложената одлука за избор на заменик на директор на Агенцијата. Таа наведе дека Комисијата, постапувајќи во рамките на своето дискрециско право, одлучила да не се врши избор на заменик на директорот и предложи во една од наредните седници да се донесе одлука за распишување повторен конкурс за оваа позиција.

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски објасни дека Комисијата доставила предлог до Советот да не се изврши избор на заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата, согласно Извештајот од Комисијата за евалуација на доставени пријави на кандидатите по објавениот јавен конкурс за избор на директор и на заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.04-4901/3 од 25.12.2025 година, едногласно донесе одлука да не се изврши избор за заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Одлуката влегува во сила со нејзиното донесување.

Секторот за правни работи и јавни набавки за горенаведената одлука, со која не се врши избор на заменик на директор, да ги извести сите кандидати кои се пријавиле на Јавниот конкурс за избор на заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објавен во дневните весници „Слободен печат“ на 21.11.2025 г. и во „Коха“ на 21.11.2025 г., согласно член 27 од Законот за работните односи.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**